РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 02-2137/1
30.06 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

*Република Северна Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Скопје, 2023 година

Врз основа на член 50 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/00, 82/08, 44/02, 167/10 и 51/11) и (Службен весник на Р:С:Македонија бр. 96/19 и 110/19) директорот на Управата за заштита на културното наследство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во службените простории на Управата за заштита на културното наследство (во понатамошниот текст: Управа).

**Член 2**

Видео надзор во службените простории на Управата се врши заради: следење на електронската евиденција за редовноста на вработените во Управата, обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории во Управата, како и безбедност на објектот.

**Член 3**

Видео надзорот се врши преку камери поставени во холовите на службените простории на Управата.

**Член 4**

Задолжен за управување со системот на видео надзор е Раководителот на одделението за финансиски прашања и Раководителот на секторот за документација, меѓународна соработка и општи работи.

**Член 5**

На пристапот во Управата на видливо и јасно место е истакнато известување дека се врши видео надзор.

**Член 6**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото потпишување. Истиот се објавува на огласна табла и на WEB страната на Управата.

в.д. Директор,
м-р Зоран Павлов

Доставено до:

- Директор
- Одд. за финансиски прашања
- огласна табла
- архива
- Одд. за документација
- Одд. за управување со човечки ресурси